# Огромен долг и за



Митоза Петревска

*Една од најстарите институции од областа на ликовната уметност - Уметничката галерија - Скопје живее една типично македонска транзициска ситуција - на фрлање дрвја и камења врз тоа што било и загрижувачки дисконтинуитет во работењето на старата и на новата раководна гарнитура. Ексдиректорката на галеријата на новиот директор не му оставила никаков извештај за претходното работење, а тој потврди дека нема ниту базична еснфаска комуникција со својата претходничка*

Поранешната директорка на Галеријата Викторија Васева - Димеска пред извесно време се врати на своето старо работно место во Музејот на современа уметност без да му остави каков и да е писмен или устен извештај на нејзиниот наследник Златко Теодосиевски. Во периодот на нејзиното четиригодишно директорување се случи поставувањето на Национаната постановка (чија конципираност и квалитет и натаму е предмет на жешки расправи) и реновирањето на еден од најубавите објекти во Старата чаршија, Чифтеамамот (кое со оглед на намената на овој објект, исто така, е оценето како полууспешно).

Димеска си замина без каков и да е аманет, а на новиот директор на оваа институција „му се кренала косата“ кога се соочил со нерасчистените долгови на галеријата од кои најголемиот е во однос на градежното претпријатие „Пелагонија“ - изведувач на реновациските зафати на Чифте-амамот.

„Кога си оди и една ‘обична’ чистачка врши примопредавање на метлите“ - духовито ја резимираше оваа необична ситуација една од новинарките на неодамнешната конференција за печат на новиот директор на Уметничката галерија - Скопје. Но, директорите, секако, не се чистачи и не мора да се поведуваат по логиката на обичните смртници. Тие си заминуваат со крената глава и со став „по мене потоп“. „Закрвеноста“ меѓу позицијата и опозицијата (инаку, мошне релативни категории на ова поднебје) оди дотаму што луѓе кои припаѓаат на ист еснаф се доведуваат до ситуцаија да не разговарат меѓу себе поведувајќи се не од професионалната, туку од теснопартиската логика. Токму таквиот став ни ја доведе културата до ова дереџе, а постојаното „заборавање“ на постигнатите резултати не претходниците ја сведува на позиција на перманентен „апсолутен почетник“.

На оваа тема деновиве реагираше и ексминистерката за култура, која резимирајќи ја постизборната политика во културата вели: „Постои тренд на напуштање на проектите од јавен интерес, реализирани од претходната власт“, образложувајќи ги, пред сѐ, состојбите околу просторот Мала станица за која беше предвидено да стане Куќа на УНЕСКО. Самоиловска - Цветанова смета дека новата власт сосема ја искомпромитира оваа идеја, само поради тоа што е придобивка на опозицијата. Таа предупредува дека ако овој проект се стопира, „Македонија ќе се претстави како несериозна држава во очите на меѓународната јавност“.

Случајот со Уметничката галерија - Скопје е само еден од многуте примери на судир на суети и добра доза на непрофесионалност. Сепак, реалните проблеми со кои се соочува новиот директор на галеријата не се ни малку наивни.

Вкупниот долг на куќата изнесува пет и пол милиони денари, од кој нај-



УМЕТНОСТА Е ФОРМА НА КАТАРЗА

# рижувачки дисконтинуитет

големиот дел е за објектот Чифте-амам и покрај тоа што тој, и по реновирањето, сè уште „не ги задоволува основните критериуми за галериски простор“. „Поставеното осветлување во Чифте-амамот повеќе одговара за дискотека отколку за галерија“, вели Теодосиевски. Дел од светлечките тела веќе е заменет, со што Галеријата е задолжена со нови 150.000 денари. Проблем се и четиринаесетте ниши, кои би требало да бидат затворени ако се држи до функционалноста на објектот, за што ќе бидат потребни дополнителни 80.000 денари. Вклучувајќи го и светлосното доопремување, кое ќе чини нови 150.000 денари, во овој објект ќе треба да се инвестираат вкупно 230.000 денари. Од ова може да се резимира дека отворениот објект што чинел околу еден милион евра е неупотреблив за намената што треба да ја врши.

Од веќе почнатите проекти од старото раководство е и Меѓународното ликовно биенале за кое од Министерството за култура се добиени 1.275.000 денари. Од овие средства се потрошени 475.000 денари, од кои за реализирани активности само 35.296 денари, а за другите 439.704 денари засега нема никакво покритие! Особено фрапантен и самоомаловажувачки е податокот што целата стручна и организациска работа околу ова Биенале требало да ја изврши галерист од Австрија за што Галеријата би му исплатила 45.000 евра.

Меѓу почнатите проекти е и предвидената изложба на македонската ликовна уметност, која во март 2003 година би требало да се отвори во зградата на УНЕСКО во Париз. „Овој простор не е исклучиво изложбен, а цената за изнајмување на тие т.н. сали на Хуан Миро е 400 евра дневно! Останува Министерството за култура да реши дали ќе ја финансира оваа изложба, која со оглед на нејзината габаритност би требала да трае подолго од десет дена“ - вели Теодосиевски.

Теодосиевски изрази чудење и од предложената програма на Галеријата за 2003 година, која, според него, е преобемна и несоодветна и за неа од Министерството се побарани 18 милиони денари. „Олку не чини целата ликовна дејност во државава, а по ова прашање планирам до Министерството да доставам еден редуциран предлог“.

Што е најважно, во своето прво обраќање до јавноста новиот директор на Уметничката галерија - Скопје рече дека ќе го зачува принципот на транспарентност во работењето „без махинации и небулози“, а Галеријата ќе работи исклучиво според критериумите стручност и професионалност.

Би рекле, ова се работи, кои сами по себе се подразбираат.

Но, по сè што видовме во изминативе неколку години, за некои нешта, одново и одново сме само - апсолутни почетници.

